# 2

# Суверенитет

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ:

суверенитет; неделив, неотуѓив и непреносли в суверенитет; суверенитет на граѓаните.

## 1. Значење

Суверенитетот значи дека некој субјект е највисок (врвен), независен, самостоен, надмоќен. Во однос на него, сите други се пониски и зависни.

Овој поим има широка употреба.

Сепак, најзначајно е неговото врзување за политичките појави, а пред сè за државната власт. Во оваа смисла, државната власт е врвна и неограничена јавна власт на одредена територија.

Во член 1 став 1 од Уставот, Република Македонија е определна како *суверена,* самостојна, демократска и социјална држава, а во став 2 се вели: „Суверенитетот на Република Македонија е неделив, неотуѓив и непренослив", со што суверенитетот се определува како битна карактеристика на македонската држава на внатрешен план (внатрешен суверенитет) и на меѓународен план (надворешен суверенитет).

## 2. Потекло и облици

Политичката мисла се занимава со суверенитетот од самото настанување на државата – најпрво во рамките на филозофијата, а потоа и во уставното право, меѓународното јавно право, историјата на правото, политичката социологија, политичкиот систем и др.

Никулците на теоријата на суверенитетот ги наоѓаме во стариот Египет, во третиот милениум пр.н.е., како дел од учењето за социјалната пирамида. На врвот е бог, под него е фараонот, па гатачите (врачевите), земјоделците и робовите.

Во античката грчка мисла, Платон ги одредува филозофите за носители на суверената државна власт, но подоцна оваа функција ја врзува за законите.

Според Аристотел, суверената власт во државата му припаѓа на законот.

Во Стариот Рим царската власт е највисока власт (*autocritas*). Таа е изворна и независна во однос на другите власти.

Во средниот век црквата и државата се борат за примат.

Феудализмот не е погоден за развој на теоријата на суверенитетот на државната власт, затоа што феудалната држава е опкружена со надворешни и со внатрешни непријатели.

Жан Боден е првиот теоретичар на теоријата на суверенитетот. Според него, единствено монархот, во кој е олицетворена целокупната државна власт, е правно неограничен. Неговата власт произлегува од бога и е неограничена, единствена, неодговорна, постојана и неотуѓива. Таа се состои од: донесување закони, именување на

највисоки државни службеници, помилување, оданочување, ковање пари и покорување на поданиците.

Томас Хобс спаѓа во редот на теоретичарите на суверенитетот на монархот.

Во 18 век, а особено во предвечерјето на Француската буржоаска револуција, доминира идејата за народниот суверенитет.

Нејзин најистакнат претставник е Жан Жак Русо. Теоријата на народниот суверенитет смета дека носител на суверената власт е народот, а не монархот. Според неа, суверенитетот е неотуѓиво, неделиво и неразделно својство на народот.

Народниот суверенитет се остварува пред сè преку облиците на непосредната (директна) демократија. Сепак, Русо подоцна допушта, под одредени услови, вршење на суверенитетот од страна на претставници и претставничко тело (централна положба на собранието, општо избирачко право, чести избори, забрана за реизбор, давање инструкции на претставниците и сл.).

Народниот суверенитет и демократијата се две страни на една иста појава. Џемс Брајс вели дека „народниот суверенитет е лозинка на демократијата".

Во Гетисбуршката порака од 1863 година Абрахам Линколн ќе рече: „Демократијата е владеење на народот, од народот и за народот".

Се разбира, досегашната практика на примената на народниот суверенитет е владеење на мнозинството. Владеењето на мнозинството, како облик на остварување на народниот суверенитет, може да биде демократија само ако е заштитено малцинството.

Политичкиот плурализам, слободните и фер избори, политичките слободи и правата на граѓаните, развиеното јавно мислење и институционализираната опозиција се услови без кои власта на мнозинството не може да биде демократија.

И покрај широката застапеност на суверенитетот во голем број устави во светот, како и поради опстојувањето на традиционалниот концепт за суверенитетот, тој е оспоруван од голем број социолози, политиколози (Конт) и правни теоретичари (Диги, Келзен, Ласки).

Во услови на плурализам (внатрешен и меѓународен), различни видови меѓународни асоцијации и интеграции, како и меѓународен правен поредок, јасно е дека суверенитетот не е апсолутна категорија.

### 3. Уставот на Република Македонија и суверенитетот

Според Уставот на Република Македонија од 1991 година, „суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните"

(член 2 став 1). Со ова се афирмира теоријата за граѓанскиот суверенитет, затоа што изворот на власта е во поединецот, а не во колективитетот. Паралелно со основната определба за граѓански суверенитет, во изменетата преамбула на Уставот на РМ доаѓа до израз двојството на граѓанскиот и на повеќенационалниот суверенитет преку формулацијата: „Граѓаните на Република Македонија, македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници а се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите...“.

Соживотот како една од целите на конституирањето на Република Македонија, исто така, имплицира двоен карактер на суверенитетот.

Концепцијата на повеќенационален суверенитет е присутна и во:

одредбите од член 7 на Уставот, според кои службен јазик е македонскиот, но и друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните;

во инаугурирањето на „заедниците“ (член 8 став 2, член 48, член 56, член 69 став 2, член 77 став 1, член 78, член 86 став 2, член 104 став 2, член 109 став 2, член 114 став 5 и член 131 став 4). Всушност, станува збор за бинационален суверенитет, изразен преку врзување на другиот службен јазик за 20% од граѓаните, бројка што е достижна само за албанската заедница, како и преку составот на Комитетот за односи меѓу заедниците (седум Македонци, седум Албанци и по еден од другите заедници).

ПРАШАЊА:

1. Што се подразбира под суверенитет?
2. Каде се никулците на теоријата за суверенитетот?
3. Што е суштината на концепцијата на народниот суверенитет?
4. Како се определува суверенитетот на РМ во член 1 став 2 од Уставот на РМ?
5. Од каде извира и кому му припаѓа суверенитетот според член 2 став 1 од Уставот на РМ?
6. Дали постои апсолутен суверенитет?